Претседавачот запраша дали некој друг се јавува за збор. За збор се јави акционерот Соња Петрушева која му се обрати на Претседателот на Управниот одбор на Банката, г-дин Глигор Бишев со прашање поврзано со процентуалните резлутати на Банката во врска со учеството на нефункционалните кредити во вкупно издадените кредити. Г-дин Глигор Бишев исцрпно одговори на поставеното прашање за што се надоврза со податоците содржани во Годишниот извештај од работењето на Банката. Претседавачот се заблагодари и праша дали некој друг се јавува за збор. За дискусија не се јави никој.-----------------------
Пред да се пристапи кон гласањето на предлог одлуката, Претседавачот напомена дека согласно член 384 став 5 од Законот за трговски друштва, на Собранието на акционери по пат на гласање од присутните акционери се одобрува работата на секој од членовите на Управниот одбор поединечно. Во таа смисла потврдувам дека присутните акционери поединечно за секој членовите на Управен одбор Глигор Бишев, Саша Боко и Алвин Аличевиќ едногласно ја одобрија нивната работа.---------------------------------------------
Откако беше одобрена работата на членовите на Управниот одбор на Банката, Претседавачот ја стави на гласање седмата точка од дневниот ред.-----------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**--------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------------------**

**--за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**

**---------------------------------------------------во 2018 година---------------------------------------------------**

1. Со оваа одлука се усвојува Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.-----------------------------------------------------------------------------------------------------
2. Годишниот извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.---------------------------------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето.---------------------------------------------------------

**Точка 8.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8./осум/ Консолидиран Извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година** ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот отвори дискусија по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија, Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.---------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**--------------------------------------------------------------------------

**---------------------------------------------О Д Л У К А---------------------------------------------------------**

**-------за усвојување на Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка ------**

**---------------------------------------Македонија АД Скопје во 2018 година-------------------------------------------**

1. Со оваа одлука се усвојува Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година.---------------------------------------------------------------------------
2. Консолидираниот годишен извештај за работењето на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година претставува прилог и составен дел на оваа одлука.----------------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила на денот на донесувањето. ------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 9.**--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9./Девет/ Одлука за распределба на добивка од 2018 година** ---------------------------------------------------

Претседавачот пред да ја отвори дискусијата по однос на предложената точка истакна дека согласно Статутот на Банката и Законот за трговски друштва, дододено е дополнително појаснување во делот од одлуката кој се однесува на износот од 92 милиони денари во точка 2 и точка 3 на предметната одлука. Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Претседавачот ја стави предложената точка на гласање.-------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**--------------------------------------------------------------------------

**-------------------------------------------------О Д Л У К А -------------------------------------------------------**

**-------за употреба и распределување на остварената добивка на Шпаркасе Банка Македонија АД ---**
**---------------------------------Скопје, по Годишна сметка за 2018 година------------------------------------------**

1. Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, во деловната 2018 година, има остварено нето добивка во износ од 154.782.975,00 денари.----------------------------------------------------------------------------------------
2. Остварената нето добивка во износ од 154.782.975,00 денари се распределува на следниов начин:-------
- 7.760.915,00 денари во законски резерви--------------------------------------------------------------------------
- 55.000.000,00 денари во задржана добивка за инвестициски вложувања---------------------------------------
- реинвестирана добивка која Банката ќе ја користи во 2019 година-----------------------------------------------
- 92.022.060,00 денари за покривање на загуба – разликата којашто произлезе од преоценката на финансиските средства и обврски евидентирани како корекција на почетната состојба при имплементацијата на ИФРС 9 стандардот на 1 Јануари 2018..----------------------------------------------------
3. Задржаната добивка од претходни години расположлива за распределба на акционерите во износ од 28.487.764,00 денари ќе се искористи за покривање на загуба - разликата којашто произлезе од преоценката на финансиските средства и обврски евидентирани како корекција на почетната состојба при имплементацијата на ИФРС 9 стандардот на 1 Јануари 2018.------------------------------------------------
4. Добивката која се распоредува во задржана добивка за инвестициски вложувања не е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите во иднина.---------------------------------------------------------------------
5. Одлуката стапува во сила на денот на донесувањето ------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 10.------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**10./десет/ Извештај за работата на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје во 2018 година, колективно и од аспект на поединечните членови ----------------------------------------------**

Претседавачот пред да отвори дискусија по однос на предложената точка, напомена дека е потребно да се одобри работата на секој од членовите на Надзорниот одбор поединечно. Во таа смисла присутните акционери гласаа поединечно за секој членовите на Надзорниот одбор Сава Далбоков, Валбурга Зајдл, Ханс Лудвиг Диксер, Славиша Којиќ, Кристијан Поленак и Сузана Ставриќ и едногласно ја одобрија нивната работа.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот праша дали се јавува некој друг за дискусија. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.-------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа------------------------------------------------------------------------------**

**-----------------------------------------------------О Д Л У К А ----------------------------------------------------**

**за усвојување на Извештај за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија**
**--------------АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечни членови--------------------**

1. Се усвојува Извештајот за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година, колективно и од аспект на поединечните членови.---------------------------------------------
2. Извештајот за активностите на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје за 2018 година претставува составен дел на оваа Одлука.------------------------------------------------------------------------
3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување.---------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Точка 11.------------------------------------------------------------------------------------------------------------**

**11. /Единаесет/ Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и усвојување на пречистен текст на Статутот ---------------------------------------------------------------**

Претседавачот на почетокот ги информираше присутните акционери дека е добиено барање од Народната банка за измена на член 14 од Статутот на Банката со една дополнителна одредба од Законот за трговски друштва во однос на обврските на акционерите која гласи: „Акционерите се неограничено и солидарно одговорни за обврските на Банката во случај ако во своја корист или во корист на било кое друго лице го намалиле имотот на Банкатаа знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема трети лица.-------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот запраша дали некој се јавува за збор по однос на предложената точка. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.---------------------------------------------------------------------------------------------------------

**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа---------------------------------------------------------------------------**

**-------------------------------------------------------О Д Л У К А-------------------------------------------------------**

**----------за измени и дополнувања на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје-------------**

1. Со оваа Одлука се усвојуваат измените и дополнувањата на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје и пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје.--------------------
2. Во Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје зборовите „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите „Република Северна Македонија“.--------------------------------------------------------
3. Во Пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 28.05.2018, спроведени се следниве измени и дополнувања:-----------------------------------------------------------------

1) Во член 14 став 4 се менува и гласи:----------------------------------------------------------------------------

„Акционерите одговараат неограничено и солидарно за обврските на Банката во случаите, ако:-------------
- ја злоупотребат Банката како правно лице за да постигнат цели што за нив како поединци, се забранети;
- ја злоупотребат Банката како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители;--------------------
- спротивно на закон, располагале со имотот на Банката како со свој сопствен имот; ---------------------------
- во своја корист или во корист на кое било друго лице го намалиле имотот на Банката, а знаеле или морале да знаат дека Банката не е способна да ги изврши своите обврски спрема трети лица или------------
-спротивно на закон јавно ги објавуваат или презентираат податоците до кои дошле остварувајќи го правото на информирање --------------------------------------------------------------------------------------------

4) Во член 69, став 4, зборот „овој“ се заменува со зборот „претходниот“, а во став 5 од истиот член, зборот „овој“ се заменува со бројот „3“.----------------------------------------------------------------------------

5) Во член 82, став 1, зборовите „комисии и“ се додаваат по зборот „други“----------------------------------

6) Член 86 се менува и гласи:---------------------------------------------------------------------------------------

„Лица со посебни права и одговорности во Банката се:------------------------------------------------------------
- членовите на Надзорниот одбор на Банката,------------------------------------------------------------------------
- членовите на Управниот одбор на Банката,--------------------------------------------------------------------------
- членовите на Одборот за ревизија,------------------------------------------------------------------------------------
- членовите на Одборот за управување со ризици и---------------------------------------------------------------
-останати лица со посебни права и одговорности дефинирани како лица со посебни права и одговорности во актот за систематизација на работните места во Банката донесен од Управниот одбор на Банката.-------

Лица со посебни права и одговорности за кои согласно важечката регулатива е потребна претходна согласност од НБРСМ не можат да бидат назначени од соодветниот орган кој ги назначува без обезбедување на ваквата согласност.-------------------------------------------------------------------------------

Останати лица со посебни права и одговорности се лица со посебни права и одговорности кои ги водат и извршуваат работите и задачите поврзани со секојдневното работење на Банката во рамките на организационата поставеност на Банката, законските прописи и актите донесени од соодветните органи.- Како останати лица со посебни права и одговорности дефинирани како лица со посебни права и одговорности во актот за систематизација на работните места во Банката донесен од Управниот одбор на Банката задолжително се сметаат Директорите на секторите и службите кои за својата работа му одговараат директно на Управниот одбор. Останати лица со посебни права и одговорности се и Шефот на Кабинетот на Управниот одбор, како и одговорното лице на организациониот дел одговорен за спроведување на функцијата внатрешна ревизија. Мандатот, надлежностите, правата, одговорностите и условите за именување на останатите лица со посебни права и одговорности се утврдуваат со посебен акт донесен од страна на Управниот одбор на Банката. Мандатот, надлежности, права и одговорности на одговорното лице на организациониот дел одговорен за спроведување на функцијата внатрешна ревизија ги уредува Надзорниот одбор на Банката. Останатите лица со посебни права и одговорности, правата од работен однос ги остваруваат според договор за уредување на односите, склучен помеѓу Управниот одбор и лицето со посебни права и одговорности согласно со закон. Мандатот на останатите лица со

посебни права и одговорности назначени од страна на Управниот одбор може да биде 1, 2, 3 или 4 години согласно одлуката за именување, со можност за повторно назначување.---------------------------------
Лицата со посебни права и одговорности во Банката задолжително треба да имаат соодветно високо образование и познавање на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, да ги познаваат правилата за добро корпоративно управување и да имаат соодветно искуство кое обезбедува сигурно и стабилно управување со Банката.------------------------------------------------------------------------------
Лице со посебни права и одговорности не може да биде:----------------------------------------------------------
1) член на Советот на Народната банка;-------------------------------------------------------------------------------
2) вработено во Народната банка;-------------------------------------------------------------------------------------
3) на кое му е изречена прекршочна санкција, или казна забрана за вршење професија, дејност или должност;---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
4) кое не поседува репутација со што може да биде загрозено сигурното и стабилното работење на банката;---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
5) кое не ги почитува одредбите од Законот за банки и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од гувернерот, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на банката;-----------------
6) член на надзорен одбор, одбор за управување со ризици, одбор за ревизија и управен одбор на друга банка или вработен во друга банка или-------------------------------------------------------------------------------
7) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во банка или друго правно лице во кое била воведена администрација или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на администрација, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои довеле до воведување на администрација, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка.----------
За лице кое не поседува репутација ќе се смета и лице кое е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата. За член на управен одбор на банка ќе се смета дека не поседува репутација и кога има соработник во однос на кој постојат околностите од претходниот став на овој член. Член на управен одбор може во исто време да биде и член на најмногу два органи на надзор, односно неизвршен член на одбор на директори во најмногу две небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции. Член на надзорен одбор може во исто време да биде и:-------------------------------------------------------------------------------
- член на еден орган на управување и на еден орган на надзор, односно да извршува една функција на извршен и една функција на неизвршен член на одбор на директори во небанкарски финансиски институции или нефинансиски институции или -------------------------------------------------------------------
- член на три органи на надзор, односно да извршува три функции на неизвршен член на одбор на директори на небанкарски финансиски институции или нефинансиски иституции.-------------------------------
Член на управен одбор на банка не може да биде и лице кое е управител, член на управен одбор или извршен член на одбор на директори во кое било домашно или странско трговско друштво.-----------------
Ограничувањата од ставовите 10, 11 и 12 на овој член, не се однесуваат на членство во:---------------------
1) органи на непрофитни организации на волонтерска основа, без надоместок и--------------------------------
2) во органи на трговски друштва кои припаѓаат на иста банкарска група во Република Северна Македонија или во странство. ---------------------------------------------------------------------------------------------
Во случаите кога банката, како дел од банкарска група, спроведува политики на групата, членовите на надзорниот и/или управниот одбор треба да обезбедат тие политики да се соодветни за банката и се во согласност со законите на Република Северна Македонија и стандардите на Народната банка."--------------
7) Член 106 се менува и гласи:----------------------------------------------------------------------------------------
„Со донесување на овој Статут престанува да важи пречистениот текст на Статутот на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје од 28.05.2018 година и статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот 22832/1-11 од 28.05.2018 година. Пречистениот текст на Статутот ги вклучува пречистениот текст од 27.05.2019 година и одлуката за измена и дополнување на Статутот од 27.05.2019 година. За се што не е

предвидено со овој Статут, ќе се применуваат одредбите од прописите кои ја регулираат определената материја.“-----------------------------------------------------------------------------------------------
4. Оваа Одлука стапува на сила по добивањето на согласност од Гувернерот на Народната банка и усвојувањето од страна на Собранието на акционери.-----------------------------------------------------------
**Точка 12.**------------------------------------------------------------------------------------------------------------
**12. /дванаеста / Одлука за именување на член на Надзорниот одбор** -----------------------------------------
Претседавачот пред да ја отвори дискусијата по однос на предложената точка, ги информираше присутните акционери дека г-динот Сава Иванов Далбоков поднесе оставка од функцијата член на Надзорниот одбор која стапува на сила од 01.06.2019 година. Напомена дека согласно член 364 став 3 од Законот за трговски друштва, по поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање од страна на Собранието. Искажа искрена благодарност до г-динот Далбоков за неговото професионално однесување и одлична соработка и му посака успех во неговите идни ангажмани.-------------------------------
Претседавачот информираше дека врз основа на претходно спроведени активности за пред-селекција на кандидат за член на Надзорен одбор, г-дин Георг Бухер беше позитивно оценет и од Комисијата за именување и наградување и од Надзорниот одбор на Банката, по што запраша дали некој се јавува за збор. За дискусија не се јави никој. Бидејки никој не се пријави за дискусија Преседавачот ја стави предложената точка на гласање.--------------------------------------------------------------------------------
**ПОТВРДУВАМ дека по однос на предложената точка, Претседавачот констатираше дека присутните акционери едногласно донесоа**-----------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------**О Д Л У К А**---------------------------------------------------
-----------**за именување член на Надзорниот одбор на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје**-------
1. Собранието на акционери на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, го именува д-р Георг Бухер за член на Надзорниот одбор.----------------------------------------------------------------------------------------
2. Ново именуваниот член на Надзорниот одбор ќе го замени постоечкиот член Сава Далбоков, кој се повлекува од функцијата.------------------------------------------------------------------------------------------
3. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од став 1 на оваа Одлука трае до истиот на мандатот на членот кој се заменува – 09.11.2020 година.-------------------------------------------------------------------
4. На членовите на Надзорниот одбор им припаѓа надомест за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.-----------------------------------------------------------
5. Оваа Одлука ќе стапи на сила по добивање согласност од Гувернерот на Народната Банка на РСМ.-----
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собранието на акционери заклучи дека содржините од дневниот ред на Годишното Собрание на акционери се исцрпени и пред да ја затвори седницата се заблагодари на сите за присуството. Претседавачот ја затвори седницата на Собранието во 16.35 часот /шеснаесет часот и триесет и пет минути/. ------------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој записник лично го составив со усен превод од англиски на македонски јазик на Овластениот судски преведувач Нина Шутарева и истиот заедно со прилозите му го прочитав на Претседавачот на Собранието, кој раководеше со седницата на Собранието па во знак на прифаќање своерачно го потпиша.---------------------------------------------------------------------------------------
**Претседавач г-дин Владимир Палчевски___с.р**______________________________________________
**Овластениот судски преведувач Нина Шутарева** изјави дека правилно го извршила симултаниот превод од англиски на македонски јазик и обратно за што потврдува со својот потпис и печат како следи ___с.р______________________________________________________ -------------------
Сведоците **Биљана Поповска и Гордана Лазаревска** потврдуваат дека лично присуствувале на Собранието и преку симултаниот превод од Овластениот судски преведувач го следеле текот на Собранието, за што своерачно се потпишуваат---------------------------------------------------------------
**Сведок Биљана Поповска _с.р**______________________________________________________
**Сведок Гордана Лазаревска ___с.р**__________________________________________________
Составен дел на Записникот се:-------------------------------------------------------------------------------

Поканата за седница, Решение за овластен судски преведувач, Тековна состојба, Јавен повик, Извод од акционерската книга издаден од ЦДХВ на ден 27.05.2018 година, Список на акционери, Извештај од верификационата комисија, полномошно и материјали по дневен ред.------------------------------------------------
Записникот е составен на 12/дванаесет /страни на 12/дванаесет / листа.-----------------------------------------------
Потврдувам дека овој Записник претставува компјутерски обработен текст на записникот кој го водев лично на рака, во присуство на акционерите и застапниците/полномошниците на акционерите и останатите присутни лица, по што на учесниците ќе им се даде препис кој ќе го заведат во нивната архива, а врз основа на кој ќе ги остваруваат своите права во евентуални постапки. ----------------------------------------
Записникот е составен во шест примероци од кои пет се предадени на Шпаркасе Банка Македонија АД Скопје, а изворникот се наоѓа во архивата на нотарот.--------------------------------------------------------------
Нотарската такса за заверка по тарифен број од 27 од Законот за судски такси и член 158 ст.3 од Законот за Нотаријат во износ од 500,00 денари е наплатена. Нотарска награда е пресметана согласно Нотарската тарифа во износ од 11.000,00 денари согласно член 41 и 42 ст.2 и трошоци во износ од 1.800,00 денари согласно член 52 од Нотарската тарифа.--------------------------------------------------------------
ОДУ бр.299/19---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Во Скопје, 27.05.2019 година /ден дваесет и седми, месец Мај, година две илјади и деветнаеста/------------

**Нотар Весна Дончева**

Република Македонија
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ВЕСНА
ДОНЧЕВА
СКОПЈЕ

